Матеја Матевски

## РАЃАЊЕ НА ТРАГЕДИЈАТА

Кога Аристотел ја утврди вистинската состојба
на нештата
и го одреди патот како се претвора ведрото во облачно
и кога насмевот се претвори во грч
а зборот во меч
болката постоеше веќе
Зашто раката долго веќе се моделираше со рака
и зборот со збор
за да го истераат злото од светот
Но злото беше внатре
и во неумоливите правила
и во неизбежните постапки
А од виното и сонцето пијан
Дионис одамна мавташе наоколу со фалусот и мечот
терајќи ги да пеат одраните лишки
И така се раѓаше песната
Додека жените се завиваа во црно
додека гореа кулите и тонеа бродовите
и коњите ги гмечеа плодовите на земјата
а срцето се претвораше во сува оскоруша
и крвта ја напушташе плотта
Тоа и немаше некоја голема врска со херојството
ни плачот на осамата ни солзите врз огништето пусто
Но стариот филозоф и сега би ја клал
сета таа кланица во убави правила
на играта
додека публиката продолжува
да и ракоплеска на смртта

### БИОГРАФИЈА

**Матеја Матевски** е роден е на 13 март 1929 година во Истанбул. Дипломирал на Филолошкиот факултет во Скопје, и посетувал предавања по модерна француска драма на Сорбона, Париз. Работел во Македонската радиотелевизија како новинар, уредник на културните и литературните програми, потоа како главен уредник и директор на Телевизија и генерален директор на Радиотелевизија Скопје. Ја вршел функцијата претседател на

Републичката комисија за културни врски со странство и член на Претседателството на СР Македонија. Бил уредник во книгоиздателството Кочо Рацин. Предавал Историја на светската драма и театар на факултетот за драмска уметност во Скопје. Бил уредник на литературните списанија Млада литература и Разгледи. Бил претседател на ДПМ и на Советот на СВП, на Рацинови средби и на Македонската книжевна фондација. Член на ДПМ од 1956 година. Член на МАНУ и почесен потпретседател на Македонскиот ПЕН центар. Дописен член на северноамериканска Академија на шпански јазик.

Автор е на книгите: *Дождови* (поезија, 1956), *Рамноденица* (поезија, 1963). *Перуника* (поезија, 1976), *Круг* (поезија, 1977), *Липа* (поезија, 1980), *Раѓање на трагедијата* (поезија, 1985*), Од традицијата кон иднината* (критика и есеистика, 1987), *Драма и театар* (театарска критика и есеистика, 1987), *Оддалечување* (поезија, 1990), *Црна кула* (поезија, 1992), *Завевање* (поезија, 1996), *Светлината на зборот* (критика и есеистика), *Мртвица* (поезија, 1999), *Внатрешен предел* (поезија,2000).

Добитник е на наградите: „Награда на ДПМ“, „Браќа Миладиновци“, „11 Октомври“, „Григор Прличев“, „Кочо Рацин“, „Книга на годината“ на Македонската книжевна фондација, „Празник на липите“, Климент Охридски“, Големата награда „Македонско слово“, „Кирил Пејчиновиќ“, „Горанов венец“, Луковдол, Хрватска, „Блез Сандрар“ во Ивердон (Швајцарија), „Премио Медитеранео“ - специјална награда (Палермо, Италија), „Фернандо Риело“ - светска награда за мистична поезија - за книгата *Црна кула* (Мадрид, Шпанија), „Жупанчичева листина“ на ДПС (Љубљана. Словенија), „Ергуван“, Чаталџа (Истанбул, Турција), „Атлантида“ (Лас Палмас, Шпанија). Носител е на француските одликувања Легија на честа и Уметност и литература. Неговата поезија е преведувана на повеќе светски јазици